Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 88 став 7 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10,15/14,15/18, 06/19 и 8/21)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на .12.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандат на член на Училишен одбор во ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес, претставник на Општина Велес**

1. Со ова Решение се констатира престанок на мандатот на член на Училишен одбор во ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес, претставник на Општина Велес:

   Весна Јовевска.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение:

На ден 13.12.2024 година до Совет на Општина Велес доставено е барање за кооптирање на нов член на Училишен одбор во ССОУ „ Димитрија Чуповски“ Велес со арх бр.25-5000/1.

На седница одржана на ден 23.12.2020 година од страна на Советот на Општина Велес е донесено Решение со арх.бр.25-4913/21 од 24.12.2020 година за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на училишен одбор во ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес со кое се именува Весна Јовевска.

Согласно член 88 став 7 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/18,116/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10,15/14,15/18, 06/19 и 8/21):

,,Членовите на Училишниот одбор освен претставниците од родителите на учениците се именуваат за период од 4 години, со право на уште еден избор’’.

Врз основа на горенаведеното, се предлага ова Решение со кое се констатира престанок на мандат на Весна Јовевска.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО СТРУЧНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ДИМИТРИЈА ЧУПОВСКИ
Бр. 04-619/2
13.12.2024 год.
ВЕЛЕС

До
Совет на Општина Велес

Предмет-кооптирање на член во Училишниот одбор од страна на Совет на Општина Велес во ССОУ„Димитрија Чуповски„Велес

Почитувани,

ССОУ„Димитрија Чуповски„Велес „Ве известува дека на именуваниот член Весна Јовевска ,и истекува мандатот од четири години на 24.12.2024 година и поради оваа причина бараме кооптирање на нов член.

Согласно член 88 од Законот за средно образование,кадешто јасно стои„орган на управување во јавното средно училиште е училишниот одбор„бараме во најкус можен рок,определување на нов член како и доставување на одлука за кооптирање на нов член

Претседател на УО

Силвана Карагирова